# СТРАТЕШКИ ПЛАН

## за локален економски развој на Општина Илинден

2012 - 2016

OSCE Organization for Security and Co-operation in Europe Mission to Skopje

# STRATEGIC PLAN

## for the local economic development of the Municipality of Ilinden

2012 - 2016

OSCE Organization for Security and Co-operation in Europe Mission to Skopje

# СТРАТЕШКИ ПЛАН ЗА ЛЕР НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН 2012-2016

**Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.**

**Поддржано од:**
**www.osce.org/skopje**

Organization for Security and Co-operation in Europe
**Mission to Skopje**

Општина Илинден
www.ilinden.gov.mk
Т: +389.2.2571.703

Мај, 2012 година

# СОДРЖИНА

ВОВЕД ЗА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ
КАКО ПАРТИЦИПАТИВЕН ПРОЦЕС ВО ОПШТИНАТА....7
Вовед од градоначалникот Стојановски....7
Локален економски развој....9
Опис на процесот на стратешко планирање....10
ПРОЦЕСОТ НА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ ВО ОПШТИНА ИЛИНДЕН....13
Чекор 1. Организирање на активностите, создавање работен тим, Економски форум како и партнерски мрежи....13
Чекор 2. Изработка на анализа на општинските ресурси или компетитивна проценка....13
СВОТ анализа на Општина Илинден....15
Чекор 3. Создавање на стратегијата....16
Мото....16
Мисија....17
Стратешки области кои произлегоа од СВОТ анализата....18
Област 1. Инфраструктура и урбанизам....18
Област 2: Економија....20
Област 3: Човечки капитал и квалитет на живот....23
Област 4: Заштита на животна средина....24
Чекор 4 : Имплементација на Стратегијата....25
Акционен план за имплементација....25
Систем за мониторинг и евалуација за стратешкиот план....26
Чекор 5 : Ревизија на Стратегијата....27
Препораки за ревизија на Стратегијата27
АНЕКС 1: ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА АКЦИОНИОТ ПЛАН 2012-2016....28
Област 1: ИНФРАСТРУКТУРА И УРБАНИЗАМ....28
Област 2: ЕКОНОМИЈА....30
Област 3: ЧОВЕЧКИ КАПИТАЛ И КВАЛИТЕТ НА ЖИВОТ....34
Област 4: ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА....36
АНЕКС 2. ЗАКОНСКА РАМКА ЗА ПОДГОТОВКА НА СТРАТЕГИЈА ЗА ЛЕР....39
АНЕКС 3. КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ....39

# ВОВЕД ЗА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ КАКО ПАРТИЦИПАТИВЕН ПРОЦЕС ВО ОПШТИНАТА

## ВОВЕД ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ СТОЈАНОВСКИ

Почитувани,

Локалниот економски развој е една од главните цели, најзначајните функции и надлежности на Општината, чија што основна цел води кон обезбедување развој на локалното стопанство, а со самото тоа и до квалитетен живот на населението. Конкретно испланираните активности во Стратешкиот план за Локален економски развој, се патоказ со зацртани цели чија што реализација ќе овозможи создавање на економски силна општина.

Во последните години технолошкиот развој особено напредува и донесе нови можности за развој на работењето, управувањето, безбедноста и давањето на услуги. Таков тренд се очекува и во иднина, а Општина Илинден, како една од најнапредните, најактивните и најатрактивни општини во Македонија, има за цел целосно искористување на силните страни кои ќе придонесат кон подобар квалитет и услови за живеење на своите граѓани.

Во суштина, оддржливиот развој е процес на промени во кои што користењето на ресурси, насочувањето на инвестиции, ориентацијата на техничкиот и технолошкиот развој и институционалните промени се во хармонија и ги зголемуваат како сегашните, така и идните потенцијали, со цел да се задоволат човечките потреби и аспирации. Значајно е да потенцирам дека при планирањето на нашите секојдневни активности, треба да размислуваме и за идните генерации и да им искажеме почит и признание на претходните генерации.

Реализацијата на Стратешкиот план за ЛЕР бара активен однос кон новите промени од страна на сите нивоа на општествената структура. Локалната самоуправа е ниво кое се вклучува во новите промени во рамки на своите можности, потенцијали, права и надлежности. Како најблиска до граѓаните, таа и најбрзо може да ги вградува новите промени во домените од непосреден интерес на граѓаните.

Воспоставеното партнерство и соработката помеѓу јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор е единствениот механизам за обезбедување на легитимност на стратешките и акционите планови во создавањето на подобри услови за економски раст, отварање на нови работни места, воспоставување и одржување

динамична претприемачка култура и создавање на квалитетни услови за живеење.

Веруваме во успешната реализација на Стратешкиот план за Локален економски развој на Општина Илинден 2012-2016 година, со единствена цел Општина Илинден да биде урбана, атрактивна и конкурентна општина во регионот и пошироко, со создадени услови за одржлив економски и социјален развој. Пред се во интерес на генерациите што доаѓаат по нас, кои ќе имаат солидна основа да го надградат она што ние го почнавме, со крајна цел, еден ден да се биде вистинска привилегија да се живее во Општина Илинден.

Посебна благодарност до претставниците на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Форумот за локален економски развој, советниците на Општина Илинден, како и сите учесници во работната група, кои што го помогнаа изготвувањето на овој стратешки документ од огромно значење за Општина Илинден.

*„На стапката на економскиот раст влијае се, од врнежите дожд до политиката“*
*(Joseph Shumpeter)*

Со почит,

Градоначалник на Општина Илинден
*Жика Стојановски*



# ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Локалната самоуправа на Општина Илинден во својата определба е недвосмислена да изгради стратегија за локален економски развој која почива на принципите на одржливост. Таа од друга страна е главниот катализатор на економскиот развој на општината, или поточно, како локална самоуправа таа ги посочува економските потреби заради побрз стопански развој, привлекување на нови и зачувување на постојните бизниси, маркетинг, користење, располагање и управување со недвижен имот, креирање на локалната даночна политика во смисла на даночни олеснувања за формирање или проширувања на бизнисот, образование и обука, развој на малите претпријатија, одржување на општинската инфраструктура, или генерално речено локалниот економски развој претставува се она што општината може да го направи за подобрување на економијата и социјалната благосостојба на нејзините граѓани.

Има повеќе фактори кои можат во иднина, да ја зголемат веројатноста за успешни проекти и програми за развој на општината но сепак, клучни треба да бидат следниве:

- Разбирање на предностите и слабостите на локалната економија и нејзините компаративни предности или СВОТ анализа ;
- Формулирање на заедничка визија и мисија со сите чинители на економскиот развој;
- Раководството треба да ги зближува луѓето, науката и финансиските средства на сите нивоа на актуелната администрација и различни лица од јавните, приватните и општествените сектори, за да можат да се реализираат заедничките задачи;
- Формирање на институционална рамка (Економиски форум на Општина Илинден) во која ќе се обезбеди одржливост на комуникацијата на сите чинители. Локалната самоуправа, како единка не може сама да ја подобри економската благосостојба на општината, туку за тоа е потребна соработка на сите чинители;
- Акциони планови кои се донесуваат во врска со локалните потреби имајќи ги предвид слабите и јаките страни на општината;
- Обезбедување на помош и услуги од други институциите, каде локалната самоуправа не може сама да ги исполни потребите на општината.

# ОПИС НА ПРОЦЕСОТ НА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ

Досегашната практика укажува на тоа дека секогаш треба да се почне со формулирање на стратегија. Стратегијата е почетна компонента на процесот на планирање на било која заедница и таа е комплетна тогаш кога потекнува од и опфаќа поширок дел од заедницата. Временскиот хоризонт за стратегијата обично е пет години со пратечки краткорочни, среднорочни и долгорочни продукти. Стратешкиот процес на планирање има обично пет чекори :

| Чекори | Процес на стратешко планирање |
|---|---|
| 1. | Организирање на силите (активностите) |
| 2. | Изработка на анализа на ресурсите |
| 3. | Создавање на стратегија |
| 4. | Имплементирање на стратегијата |
| 5. | Ревизија на стратегијата |

***Чекор 1.***

**Организирање на активностите, создавање работен тим, економски форум како и партнерски мрежи**

Локалниот економски развој зависи од успехот на заедничките акции на јавниот (владиниот), приватниот (бизнис) и невладиниот (НВО, синдикати, граѓански, религиозни) сектор. Заедницата – општината го започнува процесот на стратешко планирање со идентификување на луѓето, јавните институции, стопанските дејности и индустриски гранки, граѓанските организации, приватни и професионални организации, експертски тела и институции за обука и други групи со заеднички интерес за локалната економија.

***Чекор 2.***

**Изработка на анализа на општинските ресурси или компетитивна проценка**

Од голема важност за одредување стратегија е познавање на контекстот на локалното стопанство. Компетитивната проценка ќе го користи расположивото квантитативно и квалитативно знаење од економијата, вештините и другите ресурси со цел да се помогне идентификувањето на стратешкиот правец за развој. Оваа информација, исто така ќе ги насочи проектите и програмите (активностите) во правец кој ќе допринесе за зголемување на конкурентноста на локалните подрачја. SWOT анализата (јаките и слабите страни, можностите и опасностите) е инструмент кој може да се користи за анализирање на податоците со цел изработка на компетитивна анализа.

***Чекор 3.***

**Создавање на стратегијата**

Како и во сеопфатните стратешки планови, намерата е да се оствари целосен пристап за локален одржлив развој. Стручњаците во локалните власти и главните заинтересирани страни треба да го избалансираат економскиот развој со потребата за заштита на животната средина и социјалните потреби. Стратегијата за одржлив развој има одреден број на компоненти кои се наброени подолу.

| ЕЛЕМЕНТИ НА СТРАТЕГИЈАТА | |
|---|---|
| **Елемент** | **Опис** |
| Визија | Го опишува консензусот на заинтересираните страни за посакуваната иднина на заедницата |
| Мисија | Покажува на кој начин, со кои сретства и расположливи ресурси ќе ја постигнеме визијата |
| Стратешки Области | Тоа се специфичните области во кои заедницата определила дека сака да дејствува за да ја оствари својата визија ;<br>Тие се и поконкретни од изјавата за визијата;<br>Би требало да се базираат на оценката за компетитивност;<br>Би требало да се темелат на целокупната визија и да ги специфицираат посакуваните резултати на процесот на планирање; |
| Крајни цели | Крајните цели се уште поконкретни;<br>Тие воспоставуваат стандарди за спроведување и целни активности за развој;<br>Нивна цел е :<br>• да ги искористат јаките страни,<br>• да ги совладаат слабостите,<br>• да ги искористат можностите<br>• да соработуваат со претпоставените и идентификувани опасности во времето во кое се имплементира ЛЕР<br>Тие се временски ограничени и мерливи. |

| | |
|---|---|
| Конкретни акциони чекори | Тие ги имплементираат конкретните компоненти на програмите;<br>На нив мора да им бидат доделени одговорни субјекти ;<br>За нив добро е да се претпоставаат трошоци-буџети<br>Тие се временски ограничени и мерливи односно имаат временска рамка. |

*Чекор 4 :*

**Имплементација на Стратегијата**

Имплементацијата на стратегијата е поттикната со Акционите планови односно активностите за одбраните проекти кои имаат поголем консензус на заинтересираните страни, а што всушност е двигател за процесот на имплементација. Акционите планови ја одредуваат хиерархијата на задачата, одговорните субјекти, реалниот временски распоред, можните ресурси, очекуваните влијанија и резултати, мерките за остварување и системот за прогрес, контрола и оценување. Зголемувањето на капацитетите може да биде важен елемент за јакнење на способноста на поединците и лицата заради развој и крајна цел - остварување на резултатите.

Развојот на техники за добро следење и евалуација на целокупната стратегија е важен момент заради мерење на резултатите, оправдување на трошоците, одредување и внесување на потребни корекции во целиот систем, како и усогласувања и развој на добрите практики.

*Чекор 5 :*

**Ревизија на Стратегијата**

Прегледот на Стратегијата за локален економски развој треба да се прави најмалку еднаш на две години. Ова би требало да вклучува преглед на користењето на ресурсите, временската рамка, следење на индикаторите за евалуација на локалната економија и ресурсите кои се на располагање за стратешките настојувања. Оваа постапка треба да ги опфати не само резултатите туку и процесот на имплементација, нивото на партиципација, динамиката на менувањето на локалните услови и динамиката на менувањето на економските (и политичките) односи на локално ниво во рамките на регионот или во рамките на државните и меѓународните пазари.



# ПРОЦЕСОТ НА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ ВО ОПШТИНА ИЛИНДЕН

## ЧЕКОР 1.

**Организирање на активностите, создавање работен тим, Економски форум како и партнерски мрежи**

Општината Илинден ги следеше препораките и упатствата на дадените методологии за организирањето на самиот процес и со цел да ја зголеми транспарентноста на своето работење како и да ги вклучи граѓаните во процесот на планирање, и донесување на одлуки, го формираше Економскиот форум. Во состав на Економскиот форум влегоа претставници на бизнис секторот (производство, прехрана, како и услужни – образование, трговија, угостителство, превоз, и др.) потоа претставници од јавниот сектор ( општината, комуналните претпријатија, образовни институции, спорт, здравство) и претставници од НВО-сектор, месните заедници и др. Членовите на оваа тело имаа повеќекратна функција во самиот процес, и тоа да ја направи анализата на општинските ресурси, да ги посочи проблемите во секторите/ организациите од каде доаѓаа, да предложат можни мерки за решавање на идентификуваните проблеми и да ги приоритизираат овие стратешки цели по зададени критериуми (важност, остварливост, последници од неделување, поврзаност со другите цели).

Целата организација и подготвителна работа на самиот процес беше задача на тимот за стратешко планирање, во рамките на одделението за ЛЕР при Општината Илинден.

## ЧЕКОР 2.

**Изработка на анализа на општинските ресурси или компетитивна проценка**

Анализата на општинските ресурси е сумаризирана во СВОТ анализата. Правејќи ја анализата со употреба на СВОТ рамката ги фокусиравме активностите во стратешки области каде Општината има јаки страни и каде се наоѓаат најголемите потенцијали. Подолу во табела се дадени идеите на членовите од Форумот и истите поради поголема прегледност се групирани во следните стратешки области:

| *Стратешки области* | |
|---|---|
| Инфраструктура-транспортна, комунална, енергетска | Човечки капитал-едукација,доживотно учење, здравство,социјална заштита |
| Заштита на животната средина | Земјоделство и рурален развој |
| Искористување на средства од ИПА Инструментот | Туризам-искористување на природните и културно-историските ресурси |
| Економија – МСП, индустрија, иновации | Урбанизам и просторно планирање |
| Квалитет на живот | |



# СВОТ АНАЛИЗА НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН

СВОТ анализата на Општина Илинден покажа дека Економскиот форум вложи доста време и напор за да добие над 180 мислења за јаките, слабите страни, како и можностите и заканите на локалната економија и квалитетот на животот воопшто во Општината. Сумарно во табелата подолу се дадени сублимати од сите мислења добиени од деталната СВОТ анализа.

| ЈАКИ СТРАНИ | МОЖНОСТИ |
|---|---|
| • Геостратешката положба<br>• Развиена сообраќајна инфраструктура (транспортните коридори, аеродромот, железницата)<br>• Близината на универзитетските центри<br>• Отвореност кон нови идеи и технологии<br>• Добри урбанистички плански решенија<br>• Добар деловен амбиент<br>• Стручен и квалификуван кадар<br>• Искусна и обучена администрација<br>• Позитивен природен прираст на населението | • Атрактивни локации за индустриски зони и домување<br>• Близина на гасификационата примарна мрежа<br>• Искористување на ЕУ фондовите и државните субвенции за развој на МСП и земјоделието;<br>• Подобрување на социјалната, детска заштита и рекреативните капацитети<br>• Можности за обновливи извори на енергија, енергетска ефикасност и заштита на животната средина<br>• Технолошки развој<br>• Е-општина(е-одобренија, е-аукции, е-комуникација, е-архива идр)<br>• ИКТ во образование, наука и култура<br>• Трансфер на нови децентрализирани надлежности за развој на општината<br>• Креирање и имплементирање на локален економски развој |

| СЛАБИ СТРАНИ | ЗАКАНИ |
|---|---|
| • Непокриеност со фекална и атмосферска канализација<br>• Слаба електрична мрежа во некои населени места<br>• Недостаток од установи за целосна здравствена заштита на населението, социјална заштита<br>• Загадување од Окта<br>• Слаб невладин сектор<br>• Недостаток од ПП заштита<br>• Ограничено познавање на информатичката технологија<br>• Недоволна искористеност на земјоделското земјиште | • Незавршен процес на децентрализација<br>• Недостаток на финасиски сретства за иновации<br>• Недостаток на финансиски сретства за капитални инвестиции<br>• Продолжено траење на глобалната економска криза<br>• Недоследности во законската регулатива |

## ЧЕКОР 3.

**Создавање на стратегијата**

Како следни елементи на стратегијата, Економскиот форум на Општина Илинден ги предложи мотото, визијата и мисијата на Општината.

**МОТО**

***ИЛИНДЕН - Вашата идна дестинација за инвестирање и домување***



Економскиот форум ја формулираше следната визија:

# ВИЗИЈА




***Општина Илинден во 2016 е препознатлива, потврдена, економски силна, урбана општина со современи услови за живеење и стопанисување, каде образованието, знаењето и ИКТ се императив за растечкиот стандард на човечкиот капитал***

## МИСИЈА

Општина Илинден е јавен сервис на граѓаните, кој преку осовременувањето на инфраструктурата, промоцијата на еколошките и зелени технологии , ги исполнува европските стандарди за деловната клима и го стимулира социо-економскиот развој во Општината.

Вредноста на пријателски односи со деловни партнери и соработници, како и работењето со граѓаните и понатаму ќе биде во духот на добрите парнерства, институционални и деловни мрежи, како би го осигурале квалитетот на општинските услуги.

Зајакнувањето на локалната демократија, граѓанското учество, развојот на човечкиот капитал и одржливиот приход на граѓаните на Општината се приоритети во општинското работење.

Затоа, се вложуваат сите напори за транспарентност, отчетност, финасиска стабилност и ефективност во извршувањето на општинските услуги.

# СТРАТЕШКИ ОБЛАСТИ КОИ ПРОИЗЛЕГОА ОД СВОТ АНАЛИЗАТА

Според спроведените анализи од страна на Економскиот форум на Општина Илинден, наведените стратешки области претставуваат и главни столбови носители на локалната економија во Општината Илинден:

1. ***Инфраструктура и урбанизам***
   - ***подобрување на транспортна, комунална, енергетска и гасификациона инфраструктура***
   - ***континуирано системско просторно планирање и урбанизација***

2. ***Економија***
   - ***МСП, индустрија, иновации***
   - ***Можности за општинско финансирање***
   - ***Земјоделство и рурален развој***
   - ***Туризам и развојни можности***

3. ***Човечки капитал***
   - ***образование, едукација, доживотно учење,***
   - ***здравство и социјална заштита***
   - ***подобрување на квалитет на живот (спорт , рекреација , паркови и зеленила)***

4. ***Заштита на животна средина***
   - ***Намалување на загадувањето***
   - ***Примена на мерки за енергетска ефикасност***
   - ***ИПА можности***

## ОБЛАСТ 1. ИНФРАСТРУКТУРА И УРБАНИЗАМ

- ***подобрување на транспортна, комунална, енергетска и гасификациона инфраструктура***
- ***континуирано системско просторно планирање и урбанизација***



Општина Илинден има недвосмислена определба да прерасне во урбана општина со сите обележја во делот на инфраструктурата, урбанизмот, квалитетот на живот на граѓаните, видовите на јавни и бизнис услуги што може да се најдат во истата. Оваа определба во исто време претставува императив и предизвик за локалната самоуправа да го исполни во наредниот пет годишен период со највисок квалитет.

Неопходноста од подобрување на условите за живеење во Општина Илинден е следена од потребата од поголемо фокусирање кон изградба на повеќе објекти за задоволување на дневните, специјалните и повремените потреби на населението. Денес локалната самоуправа се залага за поголема урбанизација на сите делови на територијата на Општината, заради подобрување квалитет на живеењето и стимулирање на економскиот развој.

Изградба на атмосферска и фекална канализација во сите делови на Општината е императив за локалниот развој, особено за населените места без целосна канализациона мрежа. Реконструкција и проширување на постоечката водоводна мрежа директно влијае на квалитетот на живеењето и потребите од развој на стопанството. Општината ќе го следи и ќе интервенира на секој недостаток во веќе целосно искористениот капацитет на мрежата.

Развој на патната инфраструктура е фокусиран кон овозможување услови за транспорт и извозни дејности на стопанскиот сектор и побрзо движење на населението за дневните потреби во и од наслебата. Урбанизацијата на просторот налага потреба од фокусирање кон доизградбата и реорганизацијата на сообраќајната мрежа во населените места, изградба на сревисни улици, како и асфалтирање на патната мрежа каде е тоа потребно.

Од друга страна пак, интензивниот економски раст, екстензивното земјоделство во минатото, градењето, како и оставените неискористени површини ја насочува Општината кон фокусирање на нови инвестиции во просторно преуредување на површини околу ново изградените објекти (од сервисни улици до игралишта и зеленила), или преуредување на површините што не нудат поволни услови за живеење, или се несоодветно урбанизирани (реконструкција на градби и обнова на руиниран простор).

Посебен фокус е даден на осовременувањето а урбанистичкото планирање преку воведување на современи ГИС системи, подземни катастри, електронско издавање на одобренија за градење и др. Засиленото темпо со кое Општина Илинден се движи во урбанизацијата и просторното планирање е еден од главните двигатели на економскиот развој и токму поради тоа раководството на Општината е свесно и одговорно да оваквото темпо на развој и динамика ги задржи и дури и засили во иднина.

Во прилог на Анекс 1, за секоја од предложените стратешки цели се разработени детални Акциони програми и проекти, со дадена предлог временска рамка, за имплементација, индикатори и извори на верификација на податоците, проценети ризици и можни финансиери.

## ПРЕДЛОЖЕНИ СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ ВО ДЕЛОТ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА И УРБАНИЗМОТ СЕ :

1.1. Подобрување на водоводната и комуналната мрежа и изградба на пречистителни станици
1.2. Подобрување на патната инфраструктура на територијата на Општината
1.3. Осовременување на електро-енергетска мрежа на територијата на Општината
1.4. Урбанистичко и просторно планирање во функција на локалниот економски развој
1.5. Подобрување на условите и стандардите за квалитет на живеење преку отварање и уредување на зони за рекреација

### ОБЛАСТ 2: ЕКОНОМИЈА

- ***Мали средни претпријатија (МСП), индустрија, иновации и технолошки развој***
- ***Можности за општинско финансирање***
- ***Земјоделство и рурален развој***
- ***Туризам и развојни можности***

Зголемување на ниво на економска развеност може да се постигне преку потикнување и развој на МСП, којштo претставуваат носител на економијата (98 % на ниво на Република Македонија), потикнување на натамошниот развој на носечките индустрии во општината (најзначајни сектори се земјоделството, прехранбената индустрија, угостителството, трговијата, транспортот , деловните услуги и друго). Привлекување на домашни и странски инвестиции преку подготвка и креирање на соодветни инфраструктурни услови во општината (индустриски зони, дефинирани економски зони во ниво на општини и сл.) и преку инвестирање во човечки ресурси коишто ќе располагаат со соответни знаења и вештини прилагодени спорет потребите на пазарот и трендот на развој на стопанството во регионот се со цел искористување на капацитетот, конкурентен настап на пазарот и профитабилно работење. Зголемување на ниво на економска развиеност може да се постигне преку потикнување на натамошниот развој на носечките индустрии. Иновативноста и конкурентната способност на стопанството е од посебна важност бидејќи тоа е основен предуслов да деловните субјекти овозможат зголемување на нивото на економска развиеност на Општината.

Новите инвестиции секогаш се предизвик за претриемачите, но и за институциите на системот одговорни за економски развој. За да потикнат и привлекуваат нови инвестиции институциите одговорни за економскиот развој ќе се концетрираат во реализација на следните програми: Поддршка на истражувањата за технолошки развој и иновации преку искористување на постоечките објекти и земјиште во сопственост на државата и општините; Промоција на општината како дестинација за инвестирање; Јакнење на координацијата помеѓу релевантните институции на национално, регионално и локално ниво значајни за поттикнување на инвестициите и искористување на средствата од ЕУ фондови за прекугранична соработка и промовирање на јавно-приватни партнерства за поттикнување на инвестициите.



Анализата на образовното ниво на невработените покажува дека уделот на не ангажираната работна сила е најголем кај лицата без образование и се намалува со зголемување на образовното ниво. Иако образовната структура на населението во овој регион е релативно поповолна во споредба со другите подрачја во земјата, сепак неспорна останува потребата за преземање на мерки за натамошно намалување на уделот на лицата со ниско ниво на образование и подобрување на квалитетот на работната сила. Како и во другите општини, така и во Илинден економската активност е правопропорционална со степенот на образование на населението и е најмала кај лицата без училиште и со ниско ниво на образование, а најголема кај оние со факултетско образование.

Оваа конкретна цел предвидува спој на расположливите човеки ресурси со потребите на стопанството во Општината. Исто се планира да се реализира преку спроведување на следните програми: Воведување на локална берза на трудот на која ке се пријавуваат и понудата и побарувачктаа на работна сила, како и промовирање на практикатството и волонтеризмот како пред фази на вработување; Прилагодување на образовниот процес со потребите на стопанството е национално прашање но сепак локалната самоуправа ќе се залага и лобира за негово подобрување; Спроведување на анализа на потребите на пазарот на труд и воспоставување на систем на доживотно учење.

Општина Илинден е меѓу првите македонски општини кои добија кредитен рејтинг од меѓународната агенција Mood's. Со финансиската стабилност која ја има Општината, веќе се преземаат конкретни мерки за финансирање на општинските капитални проекти. Се разбира во прв план секогаш е прибирањето на финансиите од сопствени извори како што се даноците од имот, таксите но и блок-дотациите од централната власт и приходите од градежното земјиште. Сепак, за амбициозните долгорочни планови на Општината се потребни и дополнителни и алтернативни извори на финансирање како што е задолжувањето, издавањето на општински обврзници, јавно-приватното партнерство, европските пред-пристапни фондови како и други донации и спонзорства.

Поради исклучителната важност на целата ова под-област, општинското раководство дава висок приоритет на можностите за општинско финансирање.

Присутноста на атрактивно природно и културно-историско наследство во Општината се добра основа за развој на успешен туризам. Но, тоа ќе се обезбедува преку заштита и промоција на културното наследство. Тука се предвидуваат да

се реализираат следните програми: Развој на селски, археолошки и манастирски туризам; Развој на транзитен туризам; Развој на спортски и културен туризам.

Развојот на успешен транзитен туризам се состои во привлекување на посетители да застанат, престојуваат и да ја консумираат туристичката понуда. За практична иплеметација на оваа стратешка цел ќе се спроведуваат соодветните програмии проекти: Кампања за зголемување на јавната свест за природните убавини и реткости, Организирање на традиционални манифестации (изложби, фолклор, автентична кујна, обичаи), инфраструктурни зафати за подобрување на условите за туризам преку адаптирање и опремување на објектите за прифаќање на туристите според дефинираните стандарди и подобрување и обележување на туристичката инфраструктура.

Делот од програмите кој ќе биде насочен кон дополнителна содржина на туристичката понуда е и промоцијата на културното-историско наследство, изворниот фолклор и обичаи, како и понудата на сувенири и друг репрезентативен материјал карактеристичен за оваа општина.

Со поволните климатски услови, кои одговараат за сите видови земјоделско производство, како и централната месоположба во регионот кој економски е најразвиен во Република Македонија, пружаат услови за развој на земјоделството и руалниот развој.

Од друга страна, пак, високото ниво на урбанизација на регионот и големата фрагментираност на земјоделските површини, не оди во прилог на развивање на интензивно земјоделско производство. Тука главно се застапени житните култури и во извесна мера лозарството, додека индустриските култури се многу малку застапени и нема поголеми потенцијали за нивно ширење. Потенцијалот за развој на раноградинарското производство и сточарството не е доволно искористен.

Планско производство, промоција на стандардизирани конкурентни производи со препознатлив квалитет, во континуитет со бараниот квалитет, заштитени домашни производи, услови за живот во рурални средини и промоција на обратна миграција, односно град-село, се едни од приоритетите за промовирање на основа за одржливо земјоделство и рурален развој.

## ПРЕДЛОЖЕНИ СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ ВО ДЕЛОТ НА ЕКОНОМИЈАТА СЕ :

2.1. Привлекување на нови домашни и странски инвестиции и подршка на постојните
2.2. Проширување на можности за општинско финасирање
2.3. Намалување на невработеноста преку локални мерки за берза на трудот и практикантство
2.4. Гасификацијата
2.5. Развојни можности за туризам
2.6. Подршка на земјоделието



## ОБЛАСТ 3: ЧОВЕЧКИ КАПИТАЛ И КВАЛИТЕТ НА ЖИВОТ

- ***Образование, едукација, доживотно учење,***
- ***Здравство и социјална заштита***
- ***Подобрување на квалитет на живот (спорт , рекреација , паркови и зеленила)***

Човечкиот капитал, во кој се концентрирани знаењето, способностите и со тоа и моќта да се креираат нови вредности, зазема важно место во развојот на секоја општина и регион. Општина Илинден како една од поразвиените општини има нагласена потреба за дополнителен и забрзан развој и искористување на потенцијалите на човечкиот фактор кој е столб за развојот и на останатите стратешки правци.

Побарувачката на специфични елементи на пазарот на труд е во директна зависност од развојот и динамиката на промените во деловниот свет, промените во социо-економската сфера или кратко кажано, од барањата на пазарот на добра кон кои деловните субјекти се стремат бргу да се прилагодат и одговорат на тие барања. Образовниот систем не се карактеризира со флексибилност и затоа доаѓа до диспаритет во понудата и побарувачката на специфични кадри, односно недостиг од некои профили и вишок на кадри од друг вид.

Оттаму, читањето и толкувањето на сигналите кои пристигнуваат од деловните субјекти и предвидените трендови во наредниот период е високо приоритетна задача. Тоа единствено може да се постигне со остварување на програми на соработка помеѓу системот на формално образование и деловниот сектор, преку ефектуирање на центри за професионална ориентација и креирање на јавно-приватни партнерства за поддршка на вработувањата на младите високо-образовани кадри.

Системите, пак, спој на образовните институции со побарувањата во стопанството, доколку се воспостават, ќе бидат прекрасна можност за стекнување на првите контакти на младите со деловниот свет и лични искуства и сознанија од прва рака за знаењата и вештините од страна на деловните субјекти, нешто со што тие ќе се соочат во подоцнежните периоди од нивниот живот.

Приоритетната листа на стратешките развојни правци на Општина Илинден, ја сочинуваат развојот и искористувањето на хуманиот потенцијал, како и здравствената и социјалната грижа кои заземаат високо место.Во таа насока општината посебно се залага за подобрување на условите за здравствена заштита, условите за претшколска грижа, отварањето на средни стручни училишта, со што би се обезбедиле сите услови за живеење како и во секоја урбана општина.

Во поглед на социјалната заштита, фокусот се задржува на унапредување на истата преку подобрување на заштитата и грижата за лицата со специјални потреби (лица со функционални и ментални пореметувања, стари лица, предучилишни деца и сл.) и преку преструктуирање на социјалната и детската заштита на населението согласно демографските промени во Општината.

## ПРЕДЛОЖЕНИ СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ ВО ДЕЛОТ НА ЧОВЕЧКИ КАПИТАЛ И КВАЛИТЕТ НА ЖИВОТ СЕ:

3.1. Мерки за намалување на невработеноста
3.2. Подобрување на здравствената, социјалната и предучилишна грижа за населението
3.3. Осовременување и подобрување на Воспитно – Образовниот процес во Општината
3.4. Осовременување и развој на ИКТ технологиите
3.5. Развој и промоција на културните домови и отварање на општинска библиотека

### ОБЛАСТ 4: ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА

- ***Намалување на загадувањето***
- ***Примена на мерки за енергетска ефикасност***
- ***ИПА можности***

